Migracijske teme 2 (1986) 2:65—71

Pregledni rad
UDK 316.7:325.252—053.2

Олга Мурџева-Шкариќ

Филозофски факултет — Скопје

Primljeno: 12. 09. 1986

# КУЛТУРНИТЕ ПОТРЕБИ НА ДЕЦАТА НА РАБОТНИЦИТЕ МИГРАНТИ*

РЕЗИМЕ

Постои видлива поврзаност меѓу условите во кои живеат првата, втората и третата генерација на работници мигранти.

Прегледот на општите услови и стилот на живеење на првата генерација, овозможува да се разберат специфичните културни потреби на втората генерација и укажува на неопходноста за создавање на нови култури засновани врз поправедни социо-економски системи.

Во периодот кон интеркултуралистичките активности јасно треба да се нагласи класната димензија. Самиот културен идентитет на мигрантите (и не само нивниот), треба да се развива во рамките на отворен вредносен систем и врз темелите на критичката селекција и прифаќање на најдоброто, што го носат различни, меѓусебно рамноправни културни заедници.

Ќе се обидам да издвојам само некои специфични услови во кои се развиваат децата на работниците на привремен престој и работа во странство. Од нив треба да произлезат и специфичните потреби на овие деца, како и начините за нивното задоволување.

## Прва генерација на работници мигранти

Според сегашните согледувања, неоправдано е децата на сите мигранти да се третираат во единствена категорија (1, 2). Ова е затоа што постојат видливи разлики меѓу политичката и социо-економската миграција во поглед на општото социо-економско ниво професионалниот статус и мотивите за престој и работа во друга земја.

Земено во целина, работниците мигранти се со пониско образовно ниво и со пониска професионална квалификација, (неквалификувани, полуквалификувани и квалификувани работници). Оттука и работните места на кои се вработуваат во земјата на престојот се најниско вреднуваните, најмалку платените, а често и најопасните за физичкото и менталното здравје.

Работниците кои се наоѓаат на привремен престој и работа во странство, масовно отидоа пред околу две децении од економски недоволно развиените краишта. Нив економскиот момент особено ги мотивираше да го вложат својот труд, на определено време, во економски пораз-

* Овој текст е изложен на 23 март 1983 година во Даблин на состанокот на Северно-европскиот регион на меѓународната организација за предучилишно воспитание ОМЕП.

виените земји. Ги напуштија своите скромни но топли домови, полни со надеж дека за кусо време (само неколку години во туѓина) максимално вложувајќи ја својата млада снага (дури и на работни места опасни по живот), без слободно време за одмор и рекреација (работејќи »на црно« по работното време) и лишувајќи се од многу неопходни услови за секојдневно нормално битисување, ќе успеат да заработат и заштедат определен фонд материјални средства.

Нивната намера не беше трајно иселување, туку враќање од туѓината со заработувачка и заштеда, што ќе ја вложат за подобрување на личниот и семејниот стандард во родниот крај.

Но, во трката за подобра материјална состојба се вмешаа непредвидени фактори. Вредниот работник — штедач се обиде да покаже и докаже, меѓу свиоте во родниот крај, дека не отишол и не ја жртвувал попусто својата младост и сила во туѓината. Почна да гради поголеми куќи и дома на одмор да доаѓа со поголема (половна) кола. Постепено во него почнува да се загнеџдува црвот на потрошувачкиот менталитет. Времето минува и снагата се троши. Почнуваат да притискаат болести, но и бремето на економската нестабилност во земјата домаќин, во која, во современите услови на сѐ поголема невработеност, тој е прв на ударот. Атмосферата на економската несигурност почнува да завладува во семејството на работникот мигрант. Неговиот привремен престој продолжува, бидејќи се уште не се остварени целите поради кој, тој заминал на работа во странство. Потрошувачката, сега во најчесто комплетираното семејство, што работникот го донесе или создаде во земјата на привремениот престој, расте побрзо од заработувачката. Привремениот престој постепено е се повеќе трајна двојна ориентација меѓу родниот крај и земјата, во која дошол, на само неколку години жртвување.

Чувсвувајќи го товарот на неговото место меѓу двете земји, работникот мигрант, запаѓа во тешка лична и семејна дезориентација.

Можат да се издвојат барем три поголеми групи проблеми, што го притискаат работникот мигрант, секојдневно. Проблемите на работното место, во семејството и во поширокатa општествена заедница, постепено и секојдневно ја нагризуваат неговата личност.

Долгогодишната социо-економска несигурност и инфериорност, предузвикуваат постојана лична напрегнатост и затегната семејна атмосфера. Кавгите меѓу сопружниците стануваат почести, а се поголем е бројот и на растурени брачни заедници. Брзото менување на патриархалниот начин на живеење под влијание на новата средина доведува до судири меѓу генерациите во рамките на семејството. Авторитетот на родителите се руши и се кинат емоционалните врски меѓу »неугледните« родители и децата.

Привременоста допринесува работникот мигрант да не е заинтересиран и вклучен во општествено-политичкиот живот, ниту во едната ниту во другата земја. Најчесто не ги познава своите права, но да ги и познава, тешко може да ги оствари, бидејќи бирократијата на земјата домаќин, го оневозможува на најразлични начини.

Привременоста допринесува и да не се јави свест за својата класна припадност и потреба од здружување со другите работници, поради остварување на своите права. Работникот мигрант не е вклучен во борбата на работничката класа во земјата на емиграцијата, но не е ниту сигурен на чија работничка класа и припаѓа. Истовремено се јавува етничка стратификација на работничката класа и нејзино раслојување. Непостоењето на свест за класната припадност, односно немање класен идентитет во ниедна земја, доведува до двојна маргинализација. Сопствената класна неидентификуваност води до олеснето манипулирање со работниците мигранти.

Во рамките на новата култура на урбаното општество и индустриската цивилизација, работникот на привремена работ во странство, на меѓународниот пазар се јавува како продавач на својата работна сила. Тој е наемен работник, средство за заработување, »работно животно«, а ова го доведува до обезличување и отуѓување.

Оваа ситуација работникот се обидува да ја компензира, идентификувајќи се и затворајќи се сè повеќе во своето семејство, а од друга страна, преку сè понагласениот стремеж за присвојување на материјални богатства. Неговите потреби сè сведуваат на зголемената потрошувачка.

Токму овие начини на компензација, уште повеќе го оддалечуваат од можноста да се пронајде себе си, бидејќи не може да се согледа во улога на стока, што се продава на пазарот како работна сила. Затоа кај него се уште не се јавува потребата за промена на сопствената наемна положба.

Најстрашно од сè, е што во вакви услови се губи лична дезориентација и губење на самодовербата. Тој се чувствува изолиран и отфрлен од пошириката општествена заедница и сè почесто како непотребен. Неспособен да ги реши многубројните проблеми, тој ја обезвреднува својата личност. И онака на маргинате, сега уште повеќе ја истакнуваат својата маргинална положба. Постепено, целото семејство како заедница се руши, а секој нејзин член страда од некои психички или психосоматски пореметувања.

Работникот мигрант се уште не ги согледува објективните општествено-економски услови како причини на семејните и личните потешкотии. Тој самиот се чувствува виновен за сите проблеми. Во таквите случаи, сведоци сме на појава што не би требала да се јави. »Психологијата наможе да служи како извинување, преку кое ке се покриваат економските и социјалните проблеми« (2).

## Втора генерација на работници

Денес во психолошката наука постојат согласности дека личниот идентитет, самосознанието и другите посложени облици на однесувањето и на манталните функционални системи, се подоцнежен плод на културниот и историски развој и имаат социјално потекло или »социогенеза« на повисоките облици на однесувањата.

Однесувањето и останатите карактеристики на единката од определена култура постојат во меѓусебна интеракција. Детето преку различните видови на социјално учење, во почеток ги усвојува како односи што постојат надвор од него, односно меѓу припадниците на непосредната социјална средина. Дури во текот на подоцнежниот развој, тие стануваат дел од сложената ментална структура на личноста.

Ваквите сознанија лесно ќе ги поврзат проблемите кај секое дете на работниците мигранти, со специфичноста на социоекономските услови во кои растат овие деца.

Меѓу добро познатите ризични фактори[1] во кои растат децата, се вбројува и специфичната положба на работниците мигранти (1; 366). При тоа се забележува дека со поимот »мигрант« како ризичен фактор, често како нераздезделни придружници одат социо-економската несигурност и семејните дисфункции. Во вакви услови бикултурализмот и билингвизмот наместо можните предности што можат да ги дадат во развитокот на детето, стануваат ризични фактори.

Со какви културни модели се сретнуваат децата на работниците мигранти во својата прва социјална реалност?

Во рамките на семејството како примарна социјална средина, иако се менуваат, сепак задржани се темелите на традиционалната патриархална култура на земјата од која потекнуваат родителите. Поради неможноста за пошироки контакти со други модели, децата, како модел претставник, го примаат само она, што како дел на културата во рамките на семејните односи го покажуваат родителите. Отсуството на посестраната и посистематична врска со различните аспекти на етничката култура на која и припаѓаат родителите, придонесува културата да се доживува фрагментарно. Поради ова особено подоцна, на адолесцентот му недостасуваат критериуми критички да ја вреднува својата култура во однос на културата на земјата домаќин, која тој има можност посестрано да ја запознае. На вакое начин, децата нерамноправно ги одмеруваат вредностите и предностите што ги носат и двете култури. Напротив, децата се ставени во ситуација сами да го определуваат приоритетот на етничкиот идентитет и неможат да направат балансирање меѓу двата етнички идентитета.

Децата на работниците мигранти имаат модели на родители кои се најчесто неуспешни, несигурни, обесправени и на дното на социјалната скала во земјата на приемот. Во рамките на семејството сеуште се задржани традиционалните улоги, кои споредени со оние што владеат во пошироката општествена средина, се многу непривлечни. Оттука би било чудно ако кај детето (уште повеќе кај адолесцентот), родителот стане преферииран, идеален модел за идентификација.

Децата на работниците мигранти се соочени со две, по традиција различни етнички култури, а и со одмерувањето на две други тенденции во развојот на современите култури. Имено, нивните родители најчесто се носители на значаен дел од содржините што и се припишуваат на сел-

[1] Ризични фактори се нарекуваат условите што постојат кај детето или во неговата околина кои доведуваат до ризик на поголема мантална морбидност, од онаа што се забележува со помош на епидемиолошките анкети кај општата популација.

ската и полуурбанизирана култура, од која потекнуваат најголем дел од нив. Во земјата на приемот, се соочуваат со завладеаната култура на современото граѓанско општество или културата на индустриското општество. Производ на оваа масовна култура е таканаречениот »културен модернитет« (4). Тоа е нов модерен културен идентитет, што израснува меѓу припадниците на современото урбано општество и идустриската цивилизација. Еден битен негов белег е појавата на потрошувачкиот менталитет, а тој е главна кочница работникот мигрант и неговите деца, да ја развијат свеста за својот идентитет, како продажна стока, во рамките на наемната положба. Овој »културен модернитет« им е многу поблизок на младите мигранти, отколку на нивните родители.

Сега веќе станува појасно, зошто подоцна, кога адолесцентот мигрант го бара својот културен идентитет, често оценувајќи ја како инфериорна, ја отфрлува етничката култура од која потекнуваат неговите родители и се јавува стремежот на идентификацујата со претставниците на културата на земјата во која мигрирале.

Сепак и покрај сите усилби, па и тогаш кога во својата интима младите мигранти се дожививаат како припадници на земјата во која престојуваат, тие остануваат во поширината општествена заедница со белегот »туѓинец«. Нив започнува да им прилега вообичаениот назив »втора генерација мигранти«. Уште поадекватен одраз на вистината би бил називот »втора генерација на работници мигранти«, зашто отворената дискриминација на пазарот на трудот и професионалната депривација доведува до маргинализација на децата на мигрантите и нивна социјална имобилизација.

Испитувањата покажуваат дека децата на работниците мигранти заостануваат во повеќето когнитивни функгии, како и во поглед на општата информираност со врсниците во земјата на приемот, па и од оние кои се развиваат во земјата од која потекнуваат нивните родители. Децата на работниците мигранти се со повисок степен на невротичност (5). Ова значи дека тие деца, кон зрелоста тргнуваат со просечно послабо развиени потенциали за когнитивно функционирање и со просечно полоши социјално пожелни особини на личноста во однос на врсниците и во земјата на потеклото и во земјата на приемот.

Корените на когнитивните и емоционалните потешкотии што се сретнуваат на децата на мигрантите, се јавуваат уште во предучилишната возраст, како резултат на нестимулативната и непосредна социјална средина. Забележливо е дека, на пример, во домовите на работниците мигранти, нема или има сосем малку играчки, но лоши, а и самото играње не е согледано како значајна активност за развитокот на предучилишното дете.

Многу е значајно за идните испитувања, сведувањето на игрите на улоги, или (симболички или социодрамски игри), кај децата на мигрантите. Се очекува дека зачестеноста и репертоарот на игрите како улоги, ќе бидат сиромашни и слични, како и испитувањата на децата од непривилегирани средини (6). Бидејќи ваквите игри се шематизиран, па и карактеризиран приказ на социјалните односи и улоги, што детето ги срет-

нува во непосредната социјална средина, тие се суптилен доказ за неправедната социјална реалност, во која израснуваат тие деца.

Сведоци сме на фактот дека социо-економските услови во кои живее првата генерација на работниците мигранти, придонесуваат нивните деца да израснат во втора генерација работници, а поновите испитувања со сигурност покажуваат декаод нив ќе произлезе и третата генерација работници.

## Трета генерација работници

Очигледно е дека не може да се зборува издвоено само за проблемите на »Втората генерација мигранти«, бидејќи постои поврзаност меѓу условите во кои живеат трите генерации (мигранти).

Оттука не е доволно да се прават усилби за промена на воспитно-образовните системи со цел да се решат проблемите, со кои се сретнуваат децат на работниците мигранти. Потребни се пошироки промени на социо-економскиот систем, каде работникот мигрант би бил ставен во поправедна положба.

Излезот не е ниту во интеркултурализмот, ако се гледа само како интеракција на единки кои припагаат на различни етнички култури, бидејќи и во рамките на секоја од нив може да се издвои културата на работничката класа, од една страна и културата на буржоазијата, од друга страна.

Резултатите од обидите за спроведување на интеркултирални активности во рамките на системот на воспитанието и образованието, како непосредна педагошка практика, како и ширењето на практиката на заедничкото живеење во локална средина, во облик ма меѓусебното познавање преку дружењето со припадниците на различните етнички култури, тие резултати ќе исчезнат, ако не им овозможат потемелни промени на општата социо-економска положба на работниците мигранти.

Напредокот на човечката заедница не се гледа преку интеграцијата на работникот мигрант со владеачлиот културно-едредносен модел во земјата на приемот. Интеграцијата може да се прифати само како процес на социјално учење, кој се темели врз критичкото прифаќање на новите културно-вредносни системи и врз нивното артикулирање артикулирање со содржините, што личноста ги носи како дел од културата на своите родители (7). Впрочем како што вели Сартр и самата е вечен развоен процес на доаѓање на човекот до свеста за себе и за светот во кој живее, работи и се бори.

Она што треба заеднички да го постигнеме е создавањето на нови облици на културата, засновани врз поправедни социо-економски системи. Самиот културен идентитет на мигрантите (и не само нивниот) треба да се развива во рамките на отворен вредносен систем и врз темелите на критичката селекција и прифаќање на најдоброто, што го носат различни, меѓусебно рамноправни културни заедници.

ЛИТЕРАТУРА

1. Alphandery, G.: »Introductory Talk on the Social and Psychological factors of Migration and their Effects on the Education of Children of Pre-school Level«, Priorities in Pre-school Education, Council for Cultural Co-operation, Council of Europe, Strasbourg, 1979, 155—167.
2. Vigotski, L.: »Istorijski razvoj ponašanja«, *Psihologija,* 1—2, 1972, 77—84.
3. de Ajuriaguerra, J., Marcelli D.: Psychopathologie de l'enfant, Paris, Masson, 1982.
4. Milić, A.: »Porodica i kulturni identitet druge generacije migranata u evropskim zemljama«, Okrugi sto — Kulturne potrebe druge generacije Jugoslovena u Francuskoj«.
5. Fulgosi *et alii*: »Istraživanje razvoja nekih kognitivnih funkcija i nekih karakteristika djece naših radnika na privremenom radu u inozemstvu«, *Migracijske teme,* 2, Zagreb, 1985, 5—13.
6. Smilansky, S.: The Effects of Socio-dramatic Play on Disadvantaged Preschool Children, New York, Wiley and Sons, 1968.
7. Davidović, D.: »Neke naznake o odnosu integracije i očuvanja kulturnog identiteta druge generacije Jugoslovena u Francuskoj«, Okrugli sto — Kulturne potrebe druge generacije Jugoslovena u Francuskoj.

KULTURNE POTREBE DJECE RADNIKA MIGRANATA

SAŽETAK

Postoji vidljiva povezanost među uvjetima u kojima žive prva, druga i treća generacija radnika migranata.

Pregled općih uvjeta i životnog stila prve generacije omogućuje sagledavanje specifičnih kulturnih potreba druge generacije i ukazuje na neophodnost izgradnje nove kulture zasnovane na pravednom socioekonomskom sistemu.

U razdoblju interkulturalističkih djelatnosti, jasno treba naglasiti klasnu dimenziju. Sâm kulturni identitet migranata (i ne samo njihov), treba se razviti u okviru otvorenog vrednosnog sistema i na temelju kritičke selekcije i prihvaćanja najboljeg što nose različite, međusobno ravnopravne kulturne zajednice.

THE CULTURAL NEEDS OF THE CHILDREN OF MIGRANT WORKERS

SUMMARY

There are obviously close links between the first, second, and third generations of migrant workers' living conditions.

An overview of the general conditions and life styles of first-generation migrants facilitates an insight into the specific cultural needs of second-generation migrants, indicating the necessity of creating a new culture based on an even-handed socio-economic system.

In the period of intercultural activities, the class dimension should be stressed. The very cultural identity of migrants (and not only theirs) should develop within the framework of an open system of values and on the basis of a critical selection and acceptance of the best that the cultural communities have to offer different yet on equal footing.

Lektura: Borjana Prošev.